ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 18/24



09.10.2024 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**За избор на наставник во сите насловни звања од областа на Фотографија и Мултимедија (60712 Фраскатиева класификација) – 1 извршител, на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет - Република Македонија во Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет - Република Македонија - Скопје, на 245 седница одржана на 13.09.2024 година, во врска со конкурсот објавен на 15 април 2024 во дневниот весник „Вечер“ од 2024 година со Одлука бр. 02-781/1 формира Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања по стручно-уметнички предмети од областа на Фотографија и Мултимедија (60712 Фраскатиева класификација) – 1 извршител, во состав: проф. м-р Елена Бојаџиева - претседател, проф. м-р Христијан Санев, член и проф. м-р Благојче Наумоски, член.

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања по стручно-уметнички предмети од областа на Фотографија и Мултимедија – 1 извршител се пријави 1 (еден) кандидат: **м-р Страхил Петровски**. По разгледување на поднесените документи на кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУРМ - Скопје, го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Страхил Петровски е претставник на средната генерација визуелни и мултимедијални уметници. Роден е во 1974 година во Куманово, Република Македонија, Тој дипломира сликарство во 1997 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, Факултет за ликовни уметности, во класата на ред. проф. Родољуб Анастасов, по што во 2000 година завршува постдипломски студии на истиот факултет кај истиот ментор. Од 2000 до 2002 година работи како надворешен соработник демонстратор по предметот Сликарска технологија и сликарски техники, кај проф. Момчило Петровски и проф. Вело Ташовски, на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, а од 2002 до 2010 година хонорарно е ангажиран во НУ Национален конзерваторски центар - Скопје како надворешен соработник конзерватор во лабораторијата за конзервација и реставрација на икони. Учествува и во реализацијата на првиот научноистражувачки проект „Брестал”, под менторство на проф. Момчило Петровски, на Факултетот за ликовни уметности - Скопје. Неговата уметничка практика опфаќа повеќе форми и медиуми на изразување, како што се: сликарство, инсталација, концептуална уметност, фотографија и видеоуметност. Голем број негови дела се наоѓаат во јавни и во приватни колекции, вклучувајќи музеи и галерии во земјава и во странство. Реализирал дваесет и две самостојни изложби а учествувал на

повеќе од 90 групни изложби, ликовни колонии, симпозиуми и семинари во Македонија и во странство: Скопје (1994, 1995, 1996, 1997, 1998, 1999, 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2017, 2019, 2020, 2021, 2022, 2023, 2024); Охрид (2017); Струга (2021); Неготино (1995); Тетово (1995, 2022); Куманово (1997, 1998, 1999, 2000, 2001, 2002, 2003, 2011, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021, 2022, 2023, 2024); Штип (1999, 2000, 2001); Самотраки, Грција (1999, 2001); Горни Милановац, Србија (2000, 2022); Риека, Хрватска (2001); Велес (2001, 2002); Бугарија (2017); Словенија, Похорје (2001); Виена, Австрија (2002), Њујорк, САД (2003, 2005, 2017); Урбино, Италија (2018); Малезија (2018);Широки Бријег, Босна и Херцеговина (2020); Ниш, Србија (2022) ; Венеција, Италија (2023).

Добитник е на неколку награди за своето уметничко творештво.

Член е на ДЛУМ од 1997 година, на ИКОМОС од 2001 до 2007 година и на ИКОМ од 2011 до денес. Работел како советник конзерватор реставратор во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, а сега во НУ Музеј на македонска борба - Скопје.

**Високо образование:**

1992-1997 - УКИМ, Факултет за ликовни уметности - Скопје, отсек сликарство во класа на ред. проф. Родољуб Анастасов, дипломиран сликар со модно креирање
1997-2000 - Последипломски студии на УКИМ, Факултет за ликовни уметности - Скопје, отсек сликарство под менторство на ред. проф. Родољуб Анастасов, магистер по ликовни уметности област – сликарство

**Работен ангажман:**

2002 / 2018 - Советник конзерватор во НУ Национален конзерваторски центар - Скопје, (во лабораторијата за конзервација и реставрација на икони);
Од 2024 е вработен во НУ Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје.

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

**Самостојни изложби:**

1997 - Македонија, Куманово, НУ Музеј Куманово / Уметничка галерија, (слики и цртежи)
2001 - Македонија, Скопје, Музеј на Град Скопје (проект : "КРАЈ НА ВЕКОТ - РЕД / ХАОС, ХАОС/РЕД" ) - инсталација, магистерски труд ;
2001 - Македонија, Скопје, Културно Информативен Центар (проект: "ИНТИМНИ ЗАПИСИ") - интервенции на хартија, цртежи и перформанс;
2002 - Австрија, Виена, Галерија Ланг (проект: "ПОРАКИ, ЗАПИСИ, СЕЌАВАЊА") – инсталација, слики и објекти;
2003 - Македонија, Охрид, Куќа на Робевци (проект: "ПОРАКИ, ЗАПИСИ, СЕЌАВАЊА...") -инсталација, слики и објекти;
2016 - Македонија, Скопје, Национална галерија на Македонија, Чифте Амам (проект: "ИДЕНТИТЕТИ") - слики, објекти и инсталација;

2017 - Македонија, Тетово, НУ Уметничка галерија Тетово (проект: "LANGUAGE OF THE WALL / ЈАЗИКОТ НА ЅИДОТ" ) - просторна инсталација;
2017 - Македонија, Куманово, НУ Музеј Куманово / Уметничка галерија, (проект: "ИДЕНТИТЕТИ") - слики, објекти и инсталација;
2018 - Франција, Париз, Амбасада на Р. Македонија во Париз, (проект:"Урбани еха/Урбан echoes") -инсталација и видео.
2018 - Србија, Белград, Галерија73, Чукарица, Баново брдо (проект: "CSHISM")
2019 -Скопје, Македонија, Национална галерија на Македонија, Мултимедијален центар Мала станица (проект: " Еха од иднината/Echoes from the future")
2020 -САД, Њујорк "Action | Reaction | Wor(l)d | Акција | Реакција | Свет | Збор", Македонски културен центар, Њујорк - МЦ галерија Њујорк, САД
2021 -Скопје, Бела ноќ, Градски парк - Школка, "Занемени / Muted", (видео инсталација)
2021 - Скопје, Кинотека на Р. С. Македонија, Перформанс "Несреден век"
2022 -Велес, "Синергија во времето", Спомен костурница, Велес (видео инсталација со мапирање на фасада), Европски денови на културно наследство (тема: "Одржливо наследство"), Народен Музеј Велес
2022-Париз, Франција, "Синергија во времето"(видео инсталација) Амбасада на Република Македонија во Франција, (Cité des internationale des arts), Париз (Франција)
2023-Братислава, Словачка, Синагога во Ступава, "Гласови / Voices" (просторна инсталација и перформанс)
2023-Куманово, "Мементо мори / Memento mori" (просторна инсталација и видео) НУ Музеј Куманово, Уметничка галерија
2023-Скопје, "Фрагментирани реалности / Fragmented realities" (мултимедијален проект) Културно информативен центар - Скопје
2024-Струмица, "Реминисценции" (изложба на цртежи)
2024-Велес, "Синергија во времето", Ликовен салон, Велес, (видео инсталација и промоција на публикација од изложбата)
2024-Будва, Р. Црна Гора, "Нови Светови / New worlds", Модерна галерија "Јово Ивановиќ", Стари град Будва (просторна инсталација)

**<u>Селектирани групни изложби (од повеќе од 90):</u>**

1994 -Македонија, Скопје, Сули-ан, Изложба на студенти на ФЛУ
2000-Македонија, Скопје, Музеј на град Скопје , ДЛУМ (47-ма Ревијална годишна изложба)
2001-Хрватска, Ријека, Свеучилишна књижница - Ријека, Интернационална изложба "EX LIBRIS" - (стара писма)
2001 -Македонија, Куманово, Уметничка галерија, Народен Музеј - Куманово, Кумановски ликовни уметници.
2001-Македонија, Скопје, Музеј на современа уметност, 5 -то Биенале на млади уметници
2003-САД, Њујорк, Галерија Корк, Линколн центар - Менхетен, Изложба на слики
2003 -Македонија, Скопје, Музеј на Современа Уметност, 6-то Биенале на млади уметници
2004 -Македонија, Скопје, Музеј на Современа Уметност - Скопје, ДЛУМ,
(Зимски Салон -10)
2005-САД, Њујорк, Линколн центар, Изложба под наслов: "Религијата во современото македонско сликарство"

2016-Македонија, Куманово, НУ Музеј Куманово/Уметничка галерија, "Кумановски ликовни уметници".
2017-Македонија, Скопје, НУ Национална галерија на Македонија - објект Мала станица, "Религијата и модерната уметност"
2017 - Италија, Урбино, Меѓународна изложба на акварели, IWS URBINO, ITALY, 2017
2017 - САД, Њујорк, Artbox project
2018 - Македонија, Куманово, НУ Музеј Куманово/Уметничка галерија,"Кумановски ликовни уметници"
2018 - Малезија, Куала Лумпур, Меѓународна изложба на акварели, IWS MALASYA
2022 – Учество на изложбата на Зимски салон на ДЛУМ, Национална галерија
2024 – Скопје, „Лебдење", групна изложба на ДЛУМ на Моден викенд Скопје

**Меѓународна соработка и студиски престои:**

2002 - Тримесечен студиски престој во Австрија, Кремс (реализирана 4-та самостојна изложба: проект "ПОРАКИ, ЗАПИСИ , СЕЌАВАЊА...", во Галерија Ланг-Виена, Австрија)
2022 – Едномесечен престој во Cite inernacionale des arts, Париз, Франција како дел од гран при наградата на 19-ти Зимски салон на ДЛУМ 2022, (реализирана седумнаесетата самостојна изложба: "Синергија во времето" (видео инсталација).

**ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ**

**Педагошка активност:**

2000/2001 - Хонорарен ангажман како надворешен соработник (асистент) при УКИМ, Факултет за ликовни уметности - Скопје, по предметот сликарска технологија и сликарски техники кај ред. проф. Вело Ташовски и ред. проф. Момчило Петровски.
2001/2002 - Хонорарен ангажман како надворешен соработник (асистент) при УКИМ, Факултет за ликовни уметности - Скопје, по предметот сликарска технологија и сликарски техники кај проф. Благоја Кузмановски.
2019 – 2024 – Насловен доцент од областа „Фотографија и Мултимедија" на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Скопје, во прв и втор циклус студии. Бил член во комисии за дипломски и магистерски трудови, а активно учествувал и во подготовките на годишните изложби на Факултетот за арт и дизајн. Со селекција на дела од студентите учествувал во јубилејната изложба „15 години Факултет за арт и дизајн" на Европски универзитет. Страхил Петровски бил вклучен во организација на гости предавачи од областа Фотографија на Факултетот за арт и дизајн.

**НАГРАДИ**

1997 Пофалница од Меѓународно жири на СИАБ 97, Музеј на град Скопје
1999 Откупна награда од НУБ „Св. Климент Охридски", ДЛУМ - Цртеж '98, Скопје
2000 Награда „Димитар Кондовски" за сликарство, ДЛУМ - 47. Ревијална годишна изложба, Музеј на град Скопје
2002 Награда „Константин Мазев-Коце" за сликарство, Македонско ликовно творештво мал формат, Културно-информативен центар, Скопје

2018 „11-Ноемвриска награда" на градот Куманово од областа на современата ликовна уметност, Куманово
2020 Награда 75 год. ОСТЕН БИЕНАЛЕ на цртеж Скопје 2020 (посебно признание од жири)
2021 Награда "Вангел Коџоман", Ликовно творештво Мал формат 2021, Културно информативен центар – Скопје
2022 Гран при 19-ти Зимски салон на ДЛУМ 2022, на тема:"Повторно поврзување, обновување, воздигнување, реконструирање"

**Медиумско присуство:**
Објави и интервјуа во повеќе национални и локални медиуми, гостувања во ТВ емисии.

........

## РЕЦЕНЗИЈА

Уметничкото творештво на **м-р Страхил Петровски** опфаќа повеќе форми и медиуми на изразување, како што се: сликарство, инсталација, концептуална уметност, фотографија и видеоуметност. Во неговото творештво е очевидна долгогодишната практика во експериментирање/изучување и практикување на мултимедијалниот пристап, како и одличото владеење со медиумите на фотографијата, видеото, сликарството и графичкиот јазик (типографија, графити). Во една длабоко обмислена симбиоза на уметноста и дизајнот, Петровски ни нуди високо естетизирани решенија кои гласно, но сепак софистицирано, ни ги прикажуваат предизвиците/борбите на денешниот човек и испраќаат пораки за аномалиииите на денешното современо општество и политиката. Имено, во последните негови циклуси, авторот користи теми поврзани со егзистенцијализмот и социополитички прашања како постконцептуален дискурс. Тоа се гледа во самостојните изложби „Идентитети", „Јазикот на ѕидот", „Урбани еха"„Еха од иднината","Синергија во времето", "Гласови / Voices", "Мементо мори / Memento mori", "Фрагментирани реалности / Fragmented realities" и "Нови Светови / New worlds" каде најмногу е видлив силниот спој на визуелните медиуми, моќниот и прочистен сликарско/графички израз, како и иновативните просторно-инсталациски решенија.

М-р Страхил Петровски активно учествува во голем број групни изложби во земјава и странство, со што ја потврдува неговата уметничка определба за континуирано делување и интеграција во современите уметнички и мултимедијални текови, во корелација со другите автори кои творат во рамките на современата уметност.

## КОНСТАТАЦИЈА

Според записот од рецензијата **се констатира** дека на објавениот конкурс конкурирал еден кандидат за кој се потврдуваат следните констатации:

- Кандидатот **м-р Страхил Петровски** има соодветно високо образование од прв и втор степен студии;
- Во своето досегашно стручно-уметничко творештво реализирал 22 самостојни изложби во доменот на визуелната уметност и мултимедијата во земјата и странство, учествувал во значаен број групни изложби (повеќе од 90) и ликовни колонии во повеќе земји;
- Досега добил 8 домашни награди за своето творештво;
- Има наставно-образовно искуство како демонстратор на Факултетот за ликовни уметности и како насловен доцент на Факултетот за Арт и дизајн при Европски универзитет, Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите звања од областа на Фотографија и Мултимедија (60712 Фраскатиева класификација) – 1 извршител на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет - во Скопје, објавен на 15 април 2024 година во весникот „Вечер", се пријави еден кандидат м-р Страхил Петровски.

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатот, согледувајќи ја неговата досегашна стручно-уметничка, стручно-апликативна и наставно-образовна дејност, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет да го избере **кандидатот м-р Страхил Петровски во насловно звање вонреден професор од областа на Фотографија и Мултимедија**, согласно член 167 и 182 од Законот за високото образование.

Скопје, октомври 2024

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф м-р Елена Бојаџиева, претседател**

**Проф. м-р Христијан Санев, член**

**Проф. м-р Благојче Наумоски, член**